Друштво за ревизија,сметководство
и консалтинг ВЕРИФИКА ДОО
Бр 01/17-4
31/03 2017 год
Скопје

# ВЕРИФИКА Доо

Ревизија, сметководство и консалтинг
ул.Антон Попов, 9-2,1000 Скопје

---

Согласно член 35 од Законот за ревизија (Сл.Весник на РМ бр.158/2010) ВЕРИФИКА ДОО Скопје го објавува следниот

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2016 ГОДИНА

### 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија

1.1. Име на субјектот

- Друштвото за ревизија,сметководство и консалтинг ВЕРИФИКА, Скопје;
- Друштво со ограничена одговорност;
- Регистрирано во Скопје, Република Македонија;
- Основано на 12 Декември 2012 год.;
- Регистарски број од регистарот при ИОРРМ – ДР 029;
- Лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од СУНР – Број 01 од 20.05.2013.

1.2. Број на вработени лица

Со состојба 31.12.2016

- Вработени на неопределено полно работно време –2
- Вработени на неопределено скратено работно време- 1

Со состојба 31.03.2017

- Вработени на неопределено полно работно време –2
- Вработени на неопределено скратено работно време- 1

1.3. Опис на сопственичка структура

- Висина на основната главнина – еур 5.100,00
- Сопственици:
    - Валентина Трпчевска – овластен ревизор
    - Сашко Марковски –овластен ревизор
    - Гордана Ѓорѓиева –овластен ревизор
- Соодност на содружниците во сопственоста:
    - Валентина Трпчевска – еур 1.700,00 – 33,33%
    - Сашко Марковски – еур 1.700,00 – 33,33%
    - Гордана Ѓорѓиева – еур 1.700,00 – 33,33%

1.4. Приоритетна дејност / главна приходна шифра
69.20 – Сметководствени,книговодствени и ревизроски работи,даночно советување

1.5. Број на подружници во земјата - нема

1.5. Друштвото не се јавува како основач и не е поврзано со друго друштво во земјата или странство.

1.6. Годишно осигурување од одговорност:

- Минимална сума на покривање на штетен настан: 1.845.000,00 денари
- Број на полиса: 312041000009
- Период на осигурување: 23.01.2017-23.01.2018

## 2. Професионална мрежа и правни и структурни ангажмани во мрежата

Верифика Доо не е дел од било каква друга професионална мрежа.

## 3. Управувачка структура

Со Друштвото управуваат управителите Валентина Трпчевска, Сашко Марковски и Гордана Ѓорѓиева -овластени ревизори од Скопје. Надзор-контрола ја вршат сите управители.

## 4. Контрола на квалитет и изјава за ефективност на функционирањето

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на Верифика Доо Скопје е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр.1-Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги и Меѓународниот стандард за ревизија 220- Контрола на квалитетот за ревизија и финансиски извештаи. Системот за контрола на квалитетот се состои од политики дизајнирани да обезбедат разумно уверување дека друштвото и нејзиниот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди и законските и регулаторни барања и дека извештаите издадени од Друштвото се соодветни на околностите.Политиките ги дефинираат следните елементи:

*4.1. Одговорноста на раководството за внатрешниот систем на контрола на квалитет*

Управителите на Друштвото имаат подеднаква одговорност за проверка на контрола на квалитет, за сите прашања поврзани со етиката, како и за останатите законски и барањата на професионалните стандарди со цел да се издадат извештаи кои се соодветни на околностите.

*4.2. Релевантни етички барања*

Управителите и сите вработени мораат да бидат независни во однос на нивните клиенти и ангажмани. Независноста се одржува во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр.1, Кодексот на етика и Меѓународниот стандард за ревизија 220- Контрола на квалитетот за ревизија и финансиски извештаи.

Доколку заканите за независност постојат и покрај превземањето на сите мерки за нивно отстранување, Друштвото ќе донесе одлука за неприфаќање на ангажманот. Кај котирачките ентитети се почитува правилото за невршење на ревизија од страна на одговорниот ревизор во период од две години, доколку истиот бил 7 години одговорен ревизор при вршењето на претходните ревизии кај клиентот.

Управителите и сите вработени мораат да се придржуваат кон начелото за доверливост и да ги чуваат како доверливи сите информации за клиентот согласно законската регулатива и меѓусебните договори.

*4.3. Прифаќање, продолжување и повлекување од ревизорскиот ангажман*

Друштвото прифаќа нови ангажмани или ги продолжува постоечките само со одобрување на одговорниот ревизор за ангажманот, по извршена и документирана проверка која вклучува проценка на ризиците поврзани со клиентот.

*4.4. Човечки ресурси*

Одговорните ревизори мораат да ги планираат човечките ресурси неопходни за извршување на ангажманот на начин кој е соодветен на барањата за професионална услуга и капацитетот и стручноста на ревизорскиот тим. Преку своите процедури Друштвото обезбедува одговорен ревизор за секој ангажман, кој од своја страна е одговорен за компетентноста на ангажираните ревизори во тимот и нивната способност да го спроведат ангажманот во согласност со професионалните стандарди и системот на контрола на квалитет на Друштвото. Сите членови на ревизорсиот тим мора да ги исполнуваат условите за континуирано професионално усовршување дефинирани со Законот за ревизија.

*4.5. Спроведување на ангажманот*

Ангажманите се извршуваат во согласност со професионалните стандарди и регулаторните и законските барања. Друштвото обезбедува стандардизирани работни документи како основа за документирање на ангажманот за клиентот. Одговорниот ревизор го потпишува ревизорскиот извештај, со што ја превзема одговорноста за севкупниот квалитет на ангажманот.

За сите значајни и сложени прашања, одговорниот ревизор ќе се консултира со останатите партнери кои имаат соодветно искуство и знаење или по потреба со други стручни лица надвор од Друштвото.

*4.6.Следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет*

Следењето примарно се состои од разбирање на системот на контрола и определување до кој степен истиот функционира. Врз основа на добиените сознанија се даваат препораки за подобрување на системот.

*4.7.Документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет*

Друштвото има воспоставено процедури за одржување на доверливоста, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

Ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитетот, како основа за квалитетно извршување на ангажманите, е потврдена со Изјавата за ефективноста на функционирањето на системот на контрола на квалитет дадена во прилог 1.

## 5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија

Последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот, извршена е од страна на овластени лица на Институтот на овластени ревизори во Јануари 2016 година, за годината која заврши на 31.12.2015. Предмет на контролата беше проверка на политиките и постапките за контрола на квалитет кои ги применува Друштвото т.е. оценка на усогласеноста со одредбите во меѓународните стандарди за ревизија (МСР) објавени во Службен весник на РМ, МСР 220 и МСКК 1. Извештајот е издаден во Март 2016 година.

## 6. Субјекти на кои се извршени ревизорски услуги во 2016 година

**Законски ревизии**
ИНВИКТА ДООЕЛ Скопје, ТЕТЕКС ЈАРН ГРУП Доо Тетово, ЕУРОХАУС АД Скопје, РУДИНЕ ММ ДООЕЛ Скопје,АМЦ Доо Скопје, ВИА КОМЕРЦ Дооел Скопје, ЕУРО МК, Доо Скопје, Империјал Тобако Валандово, Емпириан Визион-Скопје, ФИЌО СЕРВИС Дооел Скопје, Авторска Агенција МА Скопје, Виндија Интернационал Скопје, Фрукт Импорт Скопје, Детско Царство Скопје.

**Договорни ревизии**

БЕТАСТАНДАРДС ДОО Скопје, КАФЕ ЛОГИСТИКА ДОО Скопје, АДИ Гостивар, ПРОМЕТЕХУ ДООЕЛ Скопје, АРОНИЈА Здрава храна Доо Скопје, СЦАН ЦОЛОР Доо Скопје, Мар Вик Скопје, Вибомак Дооел, Нев Графикс Компани, Лингуа Блисс Скопје, Здружение ЛИОН - АГ, Бонум М, Фелсен Моторс, Дегал БГ 2 Скопје, С Фасхион Хаусе Скопје, Њуемона Скопје, Џејлин Електроник Услуги Скопје, Копи Центар Скопје, Авто плац Сељо Скопје , Кале капитол Скопје, Бабо Кондова Сарај, Венера Комерц Дебар, Рамсе ЛТД Скопје, Здружение Еднаков Пристап Скопје, Ресторан ЕР-БИ Сарај.

## 7. Опис и Изјава за независното работење на Друштвото со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Управителите – овластени ревизори и персоналот на Друштвото се должни да достават писмена потврда за независност, со која кажуваат дека се во согласност со политиките и процедурите на Друштвото кои се засновани на Оддел 290 од Кодексот за етика на професионалните сметководители на Меѓународната федерација на сметководители.
Секој вработен назначен да работи на ангжман за уверување мора да му ја потврди на одговорниот ревизор за ангажманот својата независност од клиентот и ангажманот, или да го извести дека постои реална или потенцијална закана по независноста, во кој случај се пристапува кон превземање на заштитни мерки.

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста е дадена во Прилог 2 на овој Извештај.

## 8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година

Согласно одредбите од чл.28 т.1 и 2 од Законот за ревизија овластениот ревизор е должен да посетува обука од најмалку 120 часа за период од три години,односно најмалку 30 часа годишно за КПУ организирана од страна на Институтот или друга акредитирана релевантна институција во странство.
Во текот на 2016 година овластените ревизори имаат посетено обука од најмалку 30 часа годишно (120 часа за период од три години) во рамките на КПУ заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата. Обуката е организирана од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на домашна и странска стручна литература од областа на сметководството и ревизијата.
Останатите вработени посетуваат обуки соодветни на нивните работни задачи – семинари за сметководство, обуки за користење на сметководствена апликација и обуки за континуирана едукација на проценувачи.
Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 на овој Извештај.

## 9. Финансиски информации

### 9.1. Листа на услуги кои ги нуди Друштвото

- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки;
- Дополнителни услуги на уверување во квалитет;
-Други неревизорски услуги: сметководствени услуги; проценки на недвижен имот, машини, возила и транспотни средства; правни услуги; консалтинг;

### 9.2. Финансиска информација за вкупните приходи

| Вид на приход: | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 1.667.928 | 1.792.241 |
| Дополнителни услуги на уверување во квалитет | 0 | 0 |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски услуги | 5.947.176 | 1.735.844 |
| Вкупен приход : | 7.615.104 | 3.528.085 |

## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува врз следната основа:

- Фиксна плата во текот на годината
- Дивиденда врз основа на сопственичкото учество во основната главнина, а поврзано со финансиската успешност на Друштвото.

Скопје, 31.03.2017

ВЕРИФИКА ДОО Скопје

Управители,

Валентина Трпчевска

Сашко Марковски

Гордана Ѓорѓиева

# ВЕРИФИКА Доо

Ревизија, сметководство и консалтинг
ул.Антон Попов, 9-2,1000 Скопје

**Прилог 1**

**Изјава од овластениот надлежен орган за ефективноста на функционирањето на системот на контрола на квалитет**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија,сметководство и консалтинг ВЕРИФИКА Доо Скопје во своето работење доследно се придружува кон постапките за контрола на квалитетот и дека внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото ефективно функционира.

Скопје, 31.03.2017

ВЕРИФИКА ДОО Скопје

Управители,

Валентина Трпчевска

Сашко Марковски

Гордана Ѓорѓиева

**Прилог 2**

**Изјава за независно работење**

Изјавуваме дека во Друштвото за ревизија,сметководство и консалтинг ВЕРИФИКА Доо Скопје постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

Скопје, 31.03.2017

ВЕРИФИКА ДОО Скопје

Управители,

Валентина Трпчевска

Сашко Марковски

Гордана Ѓорѓиева

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуираната едукација на овластените ревизори**

Изјавуваме дека Друштвото за ревизија,сметководство и консалтинг ВЕРИФИКА Доо Скопје ја следи воспоставената политика за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори.

Скопје, 31.03.2017

ВЕРИФИКА ДОО Скопје

Управители,

Валентина Трпчевска

Сашко Марковски

Гордана Ѓорѓиева